Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), член 65-г став 3 и 65-д став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21) и точки 11 и 14 од Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/21 и 149/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 83/22)**

1. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија во висина од 0%.

Висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот од ставот 1 од оваа точка е утврдена врз основа на редовната оцена на потребата да не се воведе, да се воведе, да се зголеми, да се намали или да се ослободи противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија, спроведена врз основа на податоците за четвртиот квартал од 2021 година согласно со точката 8 од Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Одлуката) и за показателите определени во точката 10 од Одлуката.

2. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите кон други земји во висина од 0%.

При утврдувањето на висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот од ставот 1 од оваа точка се имаа предвид стапките на противцикличниот заштитен слој на капиталот утврдени од надлежните органи на другите земји и висината на изложеноста на банките во Република Северна Македонија кон клиентите од приватниот сектор од сите земји кон кои тие имаат изложеност.

3. Со стапувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 284/21).

4. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О. бр. 02-15/V-3/2022**
**31 март 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**